РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-90/4
20-11-2020 г./v.

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносител, физичко лице, на 41-та седница, на продолжението на седницата, одржано на ден 12 Ноември 2020 година донесе

## Одлука

Постапката покрената по пријавата бр. 12-90/1 од 09.01.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот , физичко лице – ----------------------- , а со која се изразува незадоволство и сомневања за коруптивни дејствија - незаконско постапување од страна на службени лица од ------------------------------------- во постапката за вработување по јавен оглас за вратување - објавен во ---------- година, за вработување на работно место ----------------- СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-90 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-90/1 од 09.01.2020 година.

Предметот со број 12 – 90 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-90 од 2020 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-90/1 од 09.01.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител физичко лице – ---------------------------------- – со позната електронска адреса, а со која се изразува незадоволство на подносителот и сомневања за коруптивни дејствија - незаконско постапување од страна на службени лица од ----------------------- во постапката за вработување по јавен оглас за вратување - објавен во -------- година, за вработување на работно место ------------- за потребите на ------------------------------------------------------------------------------.

Пријавата за овој пријавен случај содржи наводи за незадоволство од извршениот избор на кандидати за вработување и сомневања за прекршувања на постапката за вработување.

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот, како е погоре наведено, а заради целосно утврдување на фактичката состојба изврши и соодветни административни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност на начин што презема процесни дејствија – достава на барање за податоци, информации и документација со произнесување од работодавачот -----------------------------------------------------.

Последователно, по достава на барањето, до Државната комисија за спречување на корупцијата беше/е доставен писмен одговор од посочената установа – од одговорното лице ------------------------------------, со прилог документација од предметната постапка за вработување вклучително и документ за номинирање на Комисија од

--------------------, Решение за формирање на комисија --------------------- , копија од страна 2 и 3 - услови од јавен оглас за вработување на ------------------------, Правилник за постапката за пополнување на работните места со вработување во -----------------, за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекција и интервјуто, список на уредни и неуредни кандидати, записник од интервју на уредни кандидати, конечна ранг листа на кандидати кои успешно ги поминале сите фази на селекција, доставници и известување за донесена одлука за избор и враќање на оригинал документи на неизбрани кандидати, одлука за избор на кандидати по јавен оглас и лекарско уверение на избраниот кандидат. Видно од одговорот на ---------------------------------- - работодавач во постапката по предметниот оглас за вработување, во постапката за прием на 1 (еден) извршител ----------------------- на огласот биле пријавени 4 кандидати од кои еден самоволно се откажал од учество. Според член 7 од Правилникот и член ------------------------------ постапката за селекција за вработување се состои од проверка на веродостојноста на внесените податоци во пријавата за вработување со доказите доставени во прилог на пријавата по јавниот оглас, со цел да се утврди дали кандидатите ги исполнуваат условите од јавниот оглас. По доставата на пријавите, Комисијата за селекција во рок од три дена врши проверка на веродостојноста и валидноста на доказите.Селекцијата на кандидатите се врши според член 8 од Правилникот и член ------------ --------------------. Покрај потребната документација треба да се достави и лекарско уверение за општа здравствена состојба како општ услов за засновање работен однос потпишано од доктор на медицина специјалист по медицина на труд издадено од здравствена организација од примарната здравствена заштита која врши дејност медицина на труд – како што и предвидувал огласот. На закажаниот термин за селекција на кандидати и проверка на веродостојност и валидност на документите на кандидатите, од страна на Комисијата бил извршен увид и проверка на податоците во пријавата за вработување и приложените докази кон пријавата, за да се утврди дали за сите внесени податоци се приложени соодветни докази и дали внесените податоци соодветствуваат со доказите кои се наведени кон пријавата. Според член 8 став 4 од Правилникот за кандидатите чии пријави се некомплетни, нецелосни или неуредни, кои содржат невалидни документи со изминат рок на важност, постапката за селекција завршува и тие не продолжуваат понатаму во втората фаза на селекција. За овие кандидати не се врши пресметување на бројот на бодови. Нивните документи се враќаат со известување во кое се наведува задолжително причината за неуредноста на пријавата и по можност се наведува и законскиот основ за неуредност. По завршување на селекцијата на кандидати, Комисијата составува записник. Со записникот, за секое различно работно место од огласот, се приложува список на неуредни и уредни кандидати, со следните податоци: име и презиме на секој неуреден кандидат и причина за неговата неуредност, име и презиме на уредните кандидати и листа на кандидати кои продолжуваат на интервју. По доставениот записник од страна на Комисијата бр. --------- од --- ---------2019 година и список на уредни и неуредни кандидати бр. ------------- од --------- 2019 година Комисијата за постапка за вработување утврдила еден неуреден кандидат. Овој кандидат имал право на жалба до Управен одбор на ----------------------- во рок од осум дена од приемот на одлуката за избор што е во согласност со член 10 став 2 од Правилникот и член ------------ од Законот ------------------. Според произнесувањето на установата ниту еден од неизбраните кандидати не поднел/не користел жалба во предвидениот рок.

Од сите прибавени и расположиви списи и документација за овој пријавен случај Државната комисија констатира дека наводите и сомневањата изнесени од подносителот на пријавата, како и од аспект на прекршување на постапката за вработување и евентуално фаворизирање на одредени кандидати не се потврдуваат и се неосновани, а постапката за вработување, во која неизбраните кандидати не го користеле правото на жалба на одлуката за избор, според оценка на Државната комисија за спречување на корупцијата била/е спроведена согласно позитивните законски прописи.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 12 Ноември 2020 година под бр. 12- 90/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК

Изработил: Х.М., Советник

Одобрил м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК

Доставено до :

- Архива
- Подносител